**Известување за концентрација со Messer SE & Co. KgaA Германија стекнува единствена контрола над Yeti GermanCo 1 GmbH Германија и Yeti Warehouse GmbH Германија**

**(предмет бр. 08-95/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 29.06.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Messer SE & Co. KGaA, со седиште во Месер Плац 1, 65812 Бад Зоден ам Таунус, Германија, стекнува единствена контрола над Yeti GermanCo 1 GmbH со седиште на Месер Плац 1, 65812 Бад Зоден ам Таунус, Германија и Yeti Warehouse GmbH со седиште на Месер Плац 1, 65812 Бад Зоден ам Таунус, Германија.

Messer SE & Co. KgaA е холдинг компанија од групацијата компании Messer Group, производител на индустриски гасови. Messer SE & Co. KgaA дејствува како менаџмент холдинг компанија и, заедно со нејзините филијали и заеднички компании (joint ventures), ја формира Messer Group. Messer Group произведува и продава индустриски гасови, како кислород, азот, аргон, јаглерод диоксид, водород, хелиум, заварувачки гасови, специјални гасови, медицински гасови и многу разни гасни мешавини. Тие се употребуваат во разни индустриски сектори како обработка на челик и метал, хемикалии, храна и фармација, автомобилска и електронска индустрија, медицина, истражување и одржлива технологија.

Messer е присутен во Р. Северна Македонија како единствен содружник во МЕСЕР ВАРДАР ТЕХНОГАС ДООЕЛ Скопје, со седиште на Источна индустриска зона ББ, со главна дејност производство и продажба на индустриски, технички и медицински гасови.

Yeti GermanCo 1 GmbH Yeti се занимава со менаџирање на компании и претприемништва.

Yeti Warehouse GmbH Yeti Warehouse GmbH се занимава со менаџирање на компании и претприемништва и административни и канцелариски услуги.

Целните компании не се присутни во Р. Северна Македонија

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

06.07.2023 година
Скопје